Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 07.02.2022

На 06.02.2022 околу 14.30 часот на ул.„Јован Планински" во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци ги лишиле од слобода К.Ч.(39) и П.С. (38), двајцата од Кавадарци. Тие биле затекнати при купопродажба на марихуана и кај двајцата била пронајдена и одземена марихуана. Потоа, врз основа на судска наредба, во домовите на двајцата биле извршени претреси и, исто така, била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.02.2022 од страна на полициски службеници од СВР Битола лишен е од слобода И.Ф.(22) од Битола, бидејќи кај него биле пронајдени и одземени марихуана, метална дробилка, дигитална вага и други предмети со остатоци од марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори".

На 07.02.2022 во 00.10 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода М.Ј.(32) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.02.2022 во 16.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.Б.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.02.2022 околу 20.00 часот на ул.„16 Македонска бригада" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Љ.(46) од Скопје. При преглед во возилото „ланчиа", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени предмети поврзани со кривични дела, а било утврдено дека регистарските таблички кои биле на возилото припаѓаат на друго возило во сопственост на лице од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.02.2022 во 13.40 часот на исклучувањето за с.Речица, кумановско, на автопатот Куманово-Табановце, во објекти на поранешна фарма, полициски службеници од Национална единица за спречување на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе пронашле 15 мигранти. Двајца од нив биле приведени поради сомнение дека се организатори, односно дека вршат криумчарење. Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка. Останатите лица се сместени во Прифатниот центар за странци во Скопје и во прифатниот центар во Табановце. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.02.2022 во ОВР Прилеп, Г.Р.(51) од Прилеп пријавил дека на место викано „Пештерица", прилепско, пронашол неексплодирана артилериска граната. Од страна на пиротехничар од Дирекција за заштита и спасување гранатат била безбедно подигната за понатамошна постапка и било констатирано дека се работи за артилериска граната калибар 75мм која потекнува од Првата светска војна.

На 06.02.2022, полициски службеници од Полициското одделение Ропотово го лишиле од слобода А.А.(74) од с.Маргари бидејќи бил затекнат како вршл бесправен превоз на огревни дрва во патничко моторно возило. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.02.2022 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, превземени се 43 мерки и тоа 31 за управување со брзина поголема од пропишаната во населено место и 12 за управување со брзина поголема од пропишаната надвор од населено место.

На 06.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 28 прекршоци, од кои 19 надвор од населено место и 9 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 17 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило под дејство на алкохол, по 1 за нерегистрирано возило, за технички неисправно возило, за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 3 за непрописно паркирање.

Изминатиот викенд (5/6 февруари) од 20 до 02.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возачи дали и колку од нив управуваат под дејство на алкохол. При контролата откриени и законски санкционирани биле 6 возачи (ТЕ-4 и ГВ-2), кои управуваа возила под дејство на алкохол. Тие се исклучени од соображај, времено им се одземени возачките дозволи и изготвени ин се соодветни поднесоци. При контролата, исто така, санкционирани се и 19 други видови сообраќајни прекршоци(ТЕ-11 и ГВ-8).

На 06.02.2022 во периодот од 12.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат предност на минување на пешаци на пешачки премин. Притоа, биле констатирани и санкционирани 16 прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 06.02.2022 во 22.40 часот во Полициската станица Кратово било пријавено дека на регионалниот пат во с.Туралево, кратовско, на место викано „Блокови", патничко моторно возило „застава југо" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Н.Ј.(51) од с.Филиповци, кратовско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид на местото од увидна екипа од Полициската станица Кратово.

На 06.02.2022 во 21.44 часот во СВР Штип, од Казнено - поправната установа Затвор Штип било пријавено дека при претрес кај осуденото лице В.Т.(37) од Скопје била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле увид и ја одзеле прашкастата материја за понатамошна постапка. По комплетирање на случајот против В.Т. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.02.2022 во 14.55 часот во СВР Охрид приведен е Б.В.(23) од Битола. При преглед, извршен на ул.„Васил Стефоски" во Охрид, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа предмети со остатоци од хероин. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.02.2022 во периодот од 17.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се акциски контроли по Закон за рибарство и аквакултура и незаконит риболов. Притоа, во атарот на с.Пештани биле затекнати две лица кои со мрежи вршеле незаконит риболов, додека кај месноста „Надол", атар на С.Трпејца, пронајдени и одземени се шест рибарски мрежи со нелегален улов на охридска пастрмка.

На 06.02.2022 во 00.50 часот пред угостителски објект на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ц.(38) од Скопје, затоа што околу 00.30 часот, во угостителскиот објект, со употреба на остар предмет се обидел да му одземе пари на А.Т.(37) од Скопје, но бил спречен. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05/06.02.2022 од 23.00 до 01.00 часот, СВР Охрид и Државниот пазарен инспекторат извршија контроли во угостителски објекти во Охрид, при што во два објекти регистрирани се девет прекршувања на одредби од Законот за заштита од пушење. По однос на констатираните прекршоци, поднесени се соодветни платни налози.

На 06.02.2022 во 07.00 часот на ул.„Божин Николов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(26) од Скопје, затоа што претходно со остар предмет го оштетил возилото „опел астра", сопственост на Г.К.(22) од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Д.Ј.(58) од с.Новак, општина Центар Жупа, вработен во АД „Пошта на Северна Македонија", поради постоење основи на сомнение за сторено продолжено кривично дело „фалсификување службена исправа". Пријавениот, неовластено присвоил парични средства во три различни периоди со вкупен износ од 220.000 денари од трансакциска сметка на лице од село од општина Центар Жупа.

На 06.02.2022 во 18.30 часот во СВР Скопје, М.Н.(28) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на ул.„Партизански одреди" бил нападнат со тврд предмет од И.П. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.02.2022 во 15.00 часот на ул.„Кузман Јосифовски Питу" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Г.(46) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршување службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.Д.(29) од Делчево, поради остоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 15.10.2021 во Делчево полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „опел астра", кое го управувал пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин и марихуана.

На 07.02.2022 во 03.12 часот во СВР Скопје, Д.С.(19) од Скопје пријавил дека околу 02.25 часот на бул.„Партизански одреди", по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од пет машки лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против И.Д.(40) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.07.2021 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 06.02.2022 година во 23.17 часот во Полициската станица Гази Баба, Ѓ.С.(38) од с.Арачиново пријавил дека околу 15.00 часот во с.Сингелиќ бил нападнат со дрвен предмет од С.Р., С.Р. и уште едно машко лице по што бил каснат од нивното куче.

На 07.02.2022 во 00.50 часот во Полициската станица Бит Пазар, С.Р.(39) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко С.Р.(63), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против С.П.(33) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 30.12.2021, полициски службеници го забележале пријавениот во угостителски објект, со што постапил спротивно на решението од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за здравствен надзор и домашна изолација.

На 06.02.2022 околу 22.42 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Петар Манчуков" две лица со закана кон вработената одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.